# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

ЗА ПРОГРЕС НА ИМПЛЕМЕНТИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ 2022 -2030 ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

**(за период октомври 2023 - јули 2024)**

Министерството за социјална политика, демографија и млади во рамките на надлежностите и координативната улога што ја има продолжува со имплементирање на проектите кои се во насока на инклузија на децата Роми во предучилишното образование, поголема информираност на припадниците на ромската заедница преку Ромските Информативни Центри, идентификување на лицата неевидентирани во матичните книги на родени и помош при обезбедување на лични документи и привремено згрижување и социјална интеграција на бездомните лица сместени во прифатниот центар Визбегово.

Сите овие проекти се финансирани од буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади од Програмата за поддршка на Ромите.

Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со меѓународни организации ги имплементира следниве проекти:

1. Во соработка со канцеларијата на Светска Банка и УНДП во Скопје се имплементира проект за Повратниците Роми, со финансиска поддршка од Европската Комисија и Советот на Европа;

2. Со поддршка на Советот на Европа се имплементира РОМАКТЕД 2 програма преку која се спроведуваат активности од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030;

3. Со проектот Интеграција на Ромите III фаза, се имплементираат активности по однос на препораките од Познан Декларацијата и заклучоците од Министерските состаноци;


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

4. Со Европската Комисија се имплементираат ИПА проекти во делот на решавање на проблемите на Ромите во областа на домувањето;

5. Со Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико се подготвени Националните Акциони Планови за приоритетни области од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

Вклучувањето на сите релевантни фактори во решавањето на суштинските проблеми во ромската заедница во исто време гарантира и нивна успешност.

Оваа Информација се доставува за да се информира Владата на Република Северна Македонија за проектите кои се имплементираат во Министерството за социјална политика, демографија и млади во однос на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

## Имплементирани проекти во Министерството за социјална политика, демографија и млади од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

(октомври 2023 – јули 2024)

Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите во рамките на Одделението за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и понатаму се продолжи со имплементација на планираните активности во сите области во согласност со Стратегијата за Ромите.

### Инклузија на деца Роми во предучилишно образование

Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) веќе 18 учебни години по ред го имплементира проектот Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки.

Учебната 2023/2024 година е петта година по ред каде што со заклучок од Влада децата Роми од семејства со социјален ризик се вклучени во предучилишното образование со ослободување од партиципација (преку системско решение, преку блок дотациите што ги доделува Министерството за социјална политика, демографија и млади до општините) во рамки на проектот Инклузија на деца Роми во ЈОУДГ.

Во рамки на проектот Инклузија на деца Роми во предучилишно образование за учебната 2023/2024 година, потпишани се трипартитни договори за соработка помеѓу


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

општините, детските градинки и Министерството за социјална политика, демографија и млади, со вкупно 21 општини, опфатени со усвоена Препорака од Влада на Република Северна Македонија за ослободување од партиципација на деца Роми кои се во социјален ризик со поддржано учество на единиците на локална самоуправа.

Во учебната 2023/2024 година бројот на запишани деца Роми во јавните детски установи на национално ниво е 454 деца, односно 1.23 % од вкупниот број 36.806 деца вклучени во детските градинки.

Вкупно 260 деца Роми од семејства во социјален ризик или вкупно 57% беа опфатени со препораката од Влада на Република Северна Македонија, во 20 општини (Берово, Битола, Виница, Прилеп, Чаир, Карпош, Делчево, Кочани, Куманово, Велес, Гази Баба, Пехчево, Дебар, Центар, Кавадарци, Неготино, Крива Паланка, Радовиш, Тетово и Гостивар).

Се потпиша Меморандум за соработка со УНИЦЕФ за финансиска поддршка на активности на проектот за вклучување на медијатори, негувателки, мониторинг тим, координатор и работилници.

## Ромски Информативни Центри

Во периодот на известување октомври 2023 - јули 2024 година, Ромските Информативни Центри работеа со граѓаните, согласно проблемите и потребите на заедницата, континуирано според своите планирани активности и работни планови.

До крајот на декември 2023 година, функционираа 6 Ромски Информативни Центри во Гостивар, Делчево, Неготино, Кичево, Битола и Шуто Оризари.

Завршена е трансформацијата на Ромските Информативни Центри од Кичево и Делчево во Центрите за социјална работа, односно информаторите редовно се вработија.

Во периодот на информирање октомври 2023 - јули 2024 година, од страна на Ромските Информативни Центри дадени се вкупно 2662 услуги, со фокус на социјалните услуги од областа на социјална заштита - 2310 лица, 13 лица во здравствената заштита, домување - 23, образование - 230, вработување – 16 лица, за лична документација - 67 лица и други услуги – 3.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Ромските Информативни Центри континуирано работеа и на информирање на заедниците по однос на објавените огласи за мерките и програмите согласно Оперативниот план за вработување во рамки на АВРСМ.

Заклучно со јули 2024 година функционираат 4 Ромски Информативни Центри во Гостивар, Неготино, Битола и Шуто Оризари и остануваат за трансформација уште 5 лица во Центрите за социјална работа.

**Имплементација на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени**

Во делот на Граѓанската регистрација, во однос на активностите што Управата за водење на матична евиденција ги превзема за временскиот интервал од март 2023 година заклучно до првата половина од 2024 година, во рамките на имплементација на Законот за измена и дополна на Законот за матичната евиденција („Службен весник на РСМ" бр.129/23) од вкупно 526 уписи извршени се вкупно 460 дополнителни уписи во редовната матична книга на родените за лица од оваа ранлива категорија (223 женски, 237 машки).

Од овие 296 лица веќе имаат единствен матичен број, односно се запишани комплетно во матична книга на евиденција.

За останатите 164 лица кои се без матичен број, постапката е во тек (невладини организации работат за прибирање на потребната документација).

Личната документација е дел и од заложбите од Познан декларацијата, со која се наложува холистички пристап со фокус на 3 битни дела:

- директна поддршка на лицата без документи;
- јакнење на капацитети на институциите и ,
- мониторинг на имплементацијата на законската рамка.

За целосно решавање на проблемот вклучени се активности поддржани од мисијата на ОБСЕ и канцеларијата на УНХЦР во Скопје.

Согласно постоечкиот Закон за државјанство (согласно член 7) сите лица кои поднеле или ќе поднесат барање за стекнување на државјанство заклучно со 8 Август 2024 година, ќе имаат предност да се стекнат со државјанство.

**Мерки за времено згрижување на затекнатите лица под Кале**


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Заклучно со 2024 година остануваат дислоцирани 15 семејства - 80 лица, 25 возрасни и 55 деца во надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади сместени во привремените живеалишта во Визбегово. Во работа со овие лица вклучени се стручни лица од Центарот за социјална работа, Министерството за социјална политика, демографија и млади и 2 ромски невладини организации. Од времено згрижените лица, привремено се вработени 4 лица.

Вкупно 4 семејства го остваруваат правото на Гарантиран минимален приход, детски и образовен додаток. Вкупно 22 лица се активни баратели на работа кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Континуирано се работи на зајакнување на економска одржливост, социјализација и ресоцијализација на семејствата. Вкупно 25 деца следат настава за основно образование, од нив 11 деца следат настава во подрачното ОУ Св. Климент Охридски во Визбегово, додека 12 деца следат настава во ОУ Браќа Рамиз и Хамид во Шуто Оризари.

**Други имплементирани активности**

На 02.11.2023, 06.03.2024 и 15.05.2024 година, одржани се редовните состаноци со членовите на Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 на кои се дискутираше за реализираните активности во ресорните министерства во рамки на Стратегијата за Инклузија на Ромите 2022- 2030.

Во ноември 2023 година, Советот на Европа во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади и Владата на Република Северна Македонија ја организираа 9тата Меѓународна Конференција за жената Ромка во Скопје. Главен фокус на конференција се стави на следниве теми;

- Преглед и перспективи за жените Ромки и патувачи во поглед на меѓународните и националните засегнати страни (Совет на Европа, Европска Комисија, УНДП, ОБСЕ и Владата на Северна Македонија);
- Преглед на резултатите од претходните конференции и патоказ на нацрт-препораката на Комитетот на министри до земјите-членки на тема еднаквост на жените Ромки и патувачи девојки;
- Градење партнерства помеѓу женските мрежи и обезбедување на правни и политички стандарди за жени и девојки Роми и патувачи;


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

• Подобрување на политиките за состојбата на жените и девојчињата Ромки и патувачи на агендата на меѓународните и европските организации;

• Мерки насочени кон националните перспективи и практики за подобрување на состојбата на жените и девојките Ромки и патувачи.

Во соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител на Република Северна Македонија, на 01 април 2024 година, се одржа Јавна дискусија за Повеќекратна и Интер секциска дискриминација и пристапот до правда со посебен фокус на жените и девојчињата Ромки, со цел да се придонесе кон идентификување на изворите на нееднаквост и дискриминаторските пречки во пристапот до правда за жените и девојчињата Ромки во сета нивна различност, како и изнаоѓање на начини и конкретни предлози за нивно сузбивање.

Во оваа насока на 03 јули 2024 година се одржа првото издание на годишниот настан Разговори за еднаквост со фокус на темата Инклузивно Образование - Инклузивното образование во домашното право и практика низ призма на еднаквоста и недискриминацијата со клучните аспекти за инклузивно образование во претшколско образование со фокус на инклузивноста и етничката припадност, особено во врска со децата Роми, како и релевантните аспекти за инклузивно образование нагласени во препораката 2024/1 на Комитетот на министри на Советот на Европа за жени и девојчиња Ромки.

Овие активностите се имплементирани во рамки на Националниот Акционен План за жените и девојчињата Ромки, со поддршка на средства од Европската комисија, во партнерство со Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Од 17 до 19 април 2024 година во Охрид, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Националната контакт точка за Роми со поддршка на заедничката програма на Европска Унија и Советот на Европа „Интеграција на Роми III фаза“ организираа работилница за подготовка на Оперативни Планови на активности кои се дел од Националните Акциски Планови за антициганизам, граѓанска регистрација, домување, здравство, култура, образование, заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки како и ревидирање на тековниот оперативен план за вработување.

Во овој процес на операционализација на мерките и активностите од овие стратешки документи, активно учествуваа претставници од релевантни меѓународни организации, државни институции и граѓански организации.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

По финализирање на Оперативните Планови, ќе се доставaт до Влада на Република Северна Македонија за нивно усвојување.

Во период од 5-6 јули 2024 година, се организира дводневна работилница за „Социјално домување" како дел од Програмата за билатерална соработка помеѓу Министерство за социјална политика, демографија и млади и Сојузното Министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачи на Република Австрија.

Работилниците беа фокусирани на рамена на искуства за достапно и социјално домување и размена на искуства за превентивни мерки во полето на достапно домување/бездомништво.

РОМАКТЕД 2 Програма

РОМАКТЕД 2 Програмата е заедничка програма на Европската Унија и Советот на Европа, имплементирана од страна на Совет на Европа и спроведувана од страна на Тимот за Роми и Патувачи и Директоратот за координација на програми, Совет на Европа.

Програмата започна со имплементација во 2021 година и завршува во декември 2024 година. Истата се имплементира во 7 земји (Северна Македонија, Косово*, Албанија, Србија, Црна Гора, Турција, Босна и Херцеговина) во вкупно 78 општини.

Во Северна Македонија се имплементира во 15 општини (Берово, Битола, Дебар, Делчево, Гостивар, Кочани, Кичево, Крива Паланка, Прилеп, Шуто Оризари, Штип, Струмица, Велес, Виница и Тетово).

Програмата се имплементира во партнерство со Министерството за социјална политика, демографија и млади и граѓанската организација Ромалитико.

На локално ниво програмата се реализира преку грантови кои се даваат директно на општините од страна на Совет на Европа.

Општините во периодот 2023/2024 реализираат 30 проекти и вкупно 47 акции кои опфаќаат реконструкција на игралишта за деца во ромските населби, реконструкција и воспсоставување на канализација во ромските населби, асфалтирање на улици во ромските населби, реконструкција во основни училишта.

Освен инфраструктурни активности општините преку грантовите реализираа и активности за поддршка на образованието кај Ромите.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Преку активностите на локално ниво 176 Роми добија примарна здравствена услуга, 380 млади Роми добија обуки за активно барање на работа, 146 Роми добија обуки за користење на активните мерки за самовработување, на 51 лице е дадена поддршка за вработување, од кои 40 лица се вработија во локални приватни компании.

Општините издвоија вкупен износ од 29,842.00 евра од своите локални буџети како кофинасирање за имплементација на грантовите.

Интеграција на Роми III фаза

Интеграција на Роми – Фаза III претставува заедничка програма на Европската Унија (DG NEAR) и Советот на Европа, со цел да ги зајакне капацитетите на Владите на земјите од Западен Балкан и Турција за ефикасно справување со сложените предизвици со кои што се соочува ромската заедница преку спроведување на сеопфатни јавни политики. Овие политики опфаќаат критични области како што се домувањето, вработувањето, граѓанската регистрација, како и зелената и дигиталната транзиција.

Проектот, исто така, помага во прогресивното спроведување во земјите корисннички од Западен Балкан на: „Стратешката рамка на ЕУ за еднаквост, инклузија и учество 2020–2030“; Декларацијата од 2019 година на партнерите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамките на процесот на проширување на Европската унија (Познанската декларација) и последователните обврски преземени од владите на годишните министерски состаноци и прифатени во рамки на Самитите на Берлинскиот процес; и напредокот во однос на исполнувањето на обврските за инклузија на Ромите произлезени од преговорите за Поглавје 23.

Проектот се спроведува во седум земји корисннички: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, Турција и Косово*, со времетраење од три години (1 мај 2023 година до 30 април 2026 година) и е кофинансиран од страна на Европската унија и Советот на Европа, а спроведуван од страна на Тимот за Роми и Патувачи и Директоратот за координација на програми, Совет на Европа.

Реализирани активности во Република Северна Македонија за 2024:

1. Операционализација на Националните акциски планови.
2. Културен настан „Не за антиромизам, Да за Ромите“:

По повод Меѓународниот ден на Ромите, ромската култура и интеграција на Ромите во процесот на пристапување на Европскиот Унија, организиран е настан под


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

програмите ROMACTED Фаза II и Ромска интеграција Фаза III, ко-финансирани од ЕУ и имплементирани од Советот на Европа.

3. Петгодишна оценка (2019-2024) на имплементацијата на заложбите од Декларацијата од Познан.

Оценката го анализира спроведувањето на обврските од страна на Владите на Западен Балкан. Извештајот резултира со компаративна анализа на достигнувањата и недостатоците во области како домување, образование, вработување, граѓанска регистрација и зелени и дигитални транзиции, нудејќи препораки за подобрување на политичкото исполнување. Финалниот извештај дополнително ќе биде доставен по институциите засегнати со имплеменатцијата на овој документ.

4. Регионалната конференција за домување во Тирана (12-13) јуни 2024 година), Албанија, со претставници од национални институции, активисти, експерти и лидерите на заедниците од земјите во Западен Балкан на која се адресираа предизвиците и нееднаквостите во домувањето за ромската заедница во овој регион и Турција. Конференцијата се фокусира на подобрување на условите за домување, легализација на домувањето, имплементација на ефективни политики и искористување на финансирањето. Клучен фокус беше имплементацијата на обврските од Декларацијата од Познан за интеграција на ромската заедница во процесот на проширување на ЕУ и регионалната соработка, развивање стратегии за подобро домување и еднакви права.

5. Геопортал на ромски субстандарни населби, презентиран на Регионалната конференција за домување во Тирана.

Платформата обезбедува преглед на ромски населби во општините со поголем процент на ромско население во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Косово. Платформата нуди географски податоци, со детали на импровизирани единици, нелегализирани структури и урбанистички планови, служејќи како основа за планирање на проекти за домување и инфраструктура.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk